**ШТО Е VCAL?**

Викторискотo свидетелство за применето учење (The Victorian Certificate of Applied Learning – VCAL) е практична опција за ученици во 11-та и 12-година.

VCAL ви дава практично работно искуство и знаења по писменост и нумеричка писменост, како и можност да изградувате лични способности кои се значајни во животот и работата. И, како и Викторискотo свидетелство за образование (Victorian Certificate of Education - VCE), VCAL е призната виша (senior) средношколска квалификација.

Учениците кои учат за VCAL се веројатно заинтересирани да продолжат со обука на Техничко и натамошно образование (TAFE), да станат чираци (apprenticeship) или да побараат работа кога ќе завршат училиште. Меѓутоа, ако почнете со VCAL, а потоа решите дека сепак VCE е вистинската опција за вас, нема да биде доцна да го смените мислењето. Всушност, секоја VCE единица (unit) што сте ја завршиле како дел од вашиот VCAL ќе се земе предвид за вашето VCE ако решите да се префрлите од курсот за едно на курс за друго свидетелство.

Флексибилноста на VCAL ви овозможува да изучувате студиска програма која одговара на вашите интересирања и учебни потреби. Целосно акредитирани модули и единици се одбрани за следните четири задолжителни низи (strands):

- Способности по писменост и нумеричка писменост (numeracy)
- Способности во врска со работа
- Способности за конкретна индустрија
- Способности за личен развој

Ако успешно завршите VCAL, вие ќе добиете свидетелство и список на резултати во кој детално се наведени областите на учење што сте ги завршиле.

**Што треба да знам**

**Зошто да изберам да учам за VCAL?**

Иако VCE е добра опција за ученици кои би сакале да го продолжат образованието на универзитет, вие може да чувствувате дека тоа не е вистинската опција за вас.

VCAL е акредитирана виша средношколска квалификација за која се учи во 11-та и 12-та година. VCAL се базира врз учење низ пракса, исто така познато како „применето учење“.

Ако одберете да учите за VCAL, вие ќе се здобиете со практично искуство и способности за „вработливост“, како и со способности кои ќе ви требаат за натамошна обука на работното место или во TAFE.

**Каде може да учам за VCAL?**

Учењето за VCAL е на располагање ширум Викторија во училишта, TAFE институти и во некои центри за образование на возрасни (Adult Community Education - ACE). Посетете ја интернет страницата www.vcaa.vic.edu.au и на опцијата *Search for Schools and Study* ќе најдете листа на сите институции во кои се учи за VCAL.

**Кои се нивоата на VCAL?**

VCAL има три нивоа – основно (Foundation), средно (Intermediate) and вишо (Senior). Вашиот наставник или советник за професионална ориентација (careers counsellor) ќе ви помогне да одлучите кое ниво најмногу им одговара на вашите потреби.

**Постојат ли услови за запишување?**

Не. Вие го почнувате VCAL на ниво што одговара на вашите способности. Вашиот учител или советник за професионална ориентација ќе може да ви помогне да одлучите кое ниво најмногу ви одговара.

**Колку време ќе ми треба да завршам VCAL?**

VCAL е направен за ученици во 11-та и 12-та година. Вие може да добиете VCAL свидетелство и список на резултати кога ќе ја завршите вашата VCAL програма за нивото што сте го избрале. Многу ученици завршуваат едно VCAL ниво за една година.

**Што добивате откако ќе завршите VCAL?**

Ако успешно ја завршите вашата VCAL програма, вие ќе добиете VCAL свидетелство за основно, средно или вишо ниво, зависно од нивото на VCAL што сте го избрале. Вие исто така ќе добиете список на резултати во кој се наведени сите VCAL, VCE и VET (Vocational Education and Training – професионално образование и обука) единици.

**Што се зема предвид за мојот VCAL?**

**Што е свидетелство за професионално образование и обука (VET)?**

Професионалното образование и обука (Vocational Education and Training - VET) им дава можност на училиштата, институтите за обука и индустријата да работат заедно во подготвувањето на учениците за работа и натамошна обука. Повеќето средни училишта нудат VET курсови кои придонесуваат за успешно завршување на VCAL и нудат професионално образование и потврди за обука кои се признати на национално ниво.

**Дали претходно учење за VET се зема предвид за мојот VCAL?**

Да. Разговарајте со вашиот наставник или советник за професионална ориентација за да утврдите колку од вашето претходно учење се зема предвид за вашиот VCAL и за да го планирате преостанатиот дел на вашата VCAL програма.

**Јас веќе учев еден VCE предмет. Дали тоа ќе се земе предвид за мојот VCAL?**

Да. Ако имате оценка 'S' за задоволително завршување на некоја VCE единица, тоа ќе се земе предвид за вашиот VCAL. Вие треба да разговарате со вашиот наставник или советник за професионална ориентација за да го планирате преостанатиот дел на вашата VCAL програма.

**Дали, ако се премислам, може да се префрлам на VCE?**

Да. Ако се премислите и сакате да се префрлите на VCE, или сакате да продолжите со VCE откако сте завршиле VCAL, секоја VCE единица што е успешно завршена како дел од вашиот VCAL ќе се земе предвид за вашиот VCE. Вие исто така можете да префрлите „credit" за други единици и модули завршени како дел од вашиот VCAL. Ако се одлучите за таа опција, треба да разговарате со вашиот наставник или советник за професионална ориентација.

**Може ли да работам неполно работно време (part-time) и/или да продолжам да работам како чирак додека сум запишан за VCAL?**

Вие може да добиете признавање и „credit" за работа со неполно работно време додека сте запишани за VCAL. Таа работа може да опфаќа:

- работа како чирак (apprenticeship) или работа со обука (traineeship) базирана во училиште
- работа со неполно работно време (part-time work)
- структурирани поставувања на работно место заради учење (structured workplace learning placements).

**Како се проценува VCAL?**

VCAL е составен од акредитирани курсови/свидетелства. Вашата VCAL програма ја проценува вашиот наставник во согласност со критериумите за проценување за секој дел од програмата.

**Дали треба да полагам тест на општи постигања (General Achievement Test - GAT)?**

GAT е тест на знаења и способности по пишување, математика, наука и технологија, хуманитарни и општествени науки и уметност. Тестот го полагаат сите ученици кои изучуваат една или повеќе секвенци на VCE единиците 3 и 4. Учениците кои учат за некоја „scored" секвенца на VCE VET единиците 3 и 4, исто така ќе треба да полагаат GAT. Учениците кои се запишани само на VCAL единици, не треба да полагаат GAT. Меѓутоа, вие може да полагате GAT ако е тоа корисно за вашето натамошно образование, обука и вработување.

**Што учам?**

Со помош на вашиот учител и советник за професионална ориентација, вие може да направите VCAL програма која одговара на вашите конкретни учебни потреби и интересирања. Вие можете да изберете единици и модули за секоја од следните задолжителни VCAL низи:

**Низа 1 - Способности по писменост и нумеричка писменост**

Во вашата VCAL програма мора да бидат вклучени предмети по писменост и нумеричка писменост. Тие може да бидат одбрани од единици на VCAL способности по писменост и VCAL единици по нумеричка писменост и/или VCE англиски јазик и математика, или други одбрани образовни студии како што е свидетелството за општо образование (возрасни) [Certificate in General Education (Adults)].

**Низа 2 – Способности за конкретна индустрија**

Во вашата VCAL програма на средно и вишо ниво мора да бидат вклучени компоненти на VET квалификации признати ширум Австралија. Меѓутоа, вие не мора да се сконцентрирате или да завршите за ниедно VET свидетелство. На пример, вие може да одберете да изучувате разни модули или единици од низа VET свидетелства за да ги исполните критериумите на VCAL и да добиете искуство во низа професионални области. Обемот на VET опции е голем како, на пример, автомобили, инжинерство, висока и ниска градба, угостителство и трговија, мултимедија, информациска технологија, земјоделство, хортикултура, складирање и фризерство и разубавување.

**Низа 3 – Способности во врска со работа**

Со цел да се развијат способности за „вработливост“, VCAL ви дава избор да се одлучите за структурирано поставувања на работно место, за работа како чирак (apprenticeship) или работа со обука (traineeship) базирана во училиштето, или за работа со неполно работно време. Вие исто така може да изучувате единици и модули кои ќе ви помогнат да се подготвите за работа, на пример професионално здравје и безбедност или способности за учество во интервју.

**Низа 4 – Способности за личен развој**

Во рамките на вашата VCAL програма вие ќе учествувате во проекти и активности во вашата заедница или училиште, кои ќе ви помогнат да развиете способности за тимска работа, самодоверба и други способности важни за живот и во работата. На пример, вашето училиште може да соработува со локалната општина во подобрувањето на паркови. Она што ќе го научите од вашето учество во еден таков проект може да се земе предвид за VCAL.

**Каде VCAL може да ме одведе?**

**Дали може да се запишам на вишо образование ако завршам VCAL?**

Ако размислувате да се запишете на универзитет директно од училиште, VCAL веројатно не е најдобрата опција за вас. Учениците кои планираат да се запишат директно на вишо образование обично учат за VCE, што им овозможува од Викторискиот центар за прием во образование од трет степен (Victorian Tertiary Admissions Centre - VTAC) да добијат австралиско рангирање за прием во образование од трет степен (Australian Tertiary Admissions Rank - ATAR). Ако вие учите за VCAL на вишо ниво и решите дека сте заинтересирани да се запишете на универзитет, проверете со вашиот наставник или советник за професионална ориентација, бидејќи некои универзитети може да примат ученици со вишо VCAL свидетелство. Меѓутоа, запишувањето директно од училиште не е единствениот пат на универзитет. Некои луѓе учат на некој курс за професионално образование и обука на TAFE, што може да води

код добивање диплома или напредна диплома (Advanced Diploma), а потоа одлучуваат дали ќе им користи некој универзитетски курс. VCAL би можел да биде добар почеток на тој пат.

**Кои се моите опции кога ќе завршам VCAL?**

VCAL ќе ви даде искуство на практична работа и квалификација што ќе ја признаат институти на TAFE и работодавци. Сето тоа заедно ќе ви помогне од училиште да преминете на работа, на работа како чирак или на обука, и/или на натамошна обука на TAFE.

Или, ако учите за VCAL на основно ниво во 11-та година и го завршите, може да размислите да завршите VCAL на средно или вишо ниво во 12-та година. Или може да ги преразгледате вашите опции и да одлучите дека за вас универзитетот е сепак вистинскиот избор и да се префрлите на VCE.

**Дали VCAL ќе ме подготви за занает?**

Ако ги завршите VET единиците како дел од вашето VCAL свидетелство, вие ќе имате здобиено знаења и способности кои работодавците ги ценат, како што се на пример свеста за индустријата, користење на алати потребни во индустријата, професионално здравје и безбедност. Завршените VET единици исто така ќе му покажат на работодавецот дека сакате да работите во таа индустрија.

За да дознаете повеќе за VCAL, контактирајте со Викториската служба за наставна програма и процена (Victorian Curriculum and Assessment Authority) на 1800 134 197 или посетете ја интернет страницата www.vcaa.vic.edu.au